# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **30.12.2022 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 13 – 2022 год.** |

ДЕКЕМВРИ 2022

ОДЛУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2023 ГОДИНА

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 21 точка 4 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен весник на општина Македонски Брод“ бр.4/17), Советот на општина Македонски Брод на 17-та седница одржана на 29.12.2022 година, донесе

# О Д Л У К А

за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година

Член 1

Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година се извршува според одредбите на оваа Одлука.

Член 2

Буџетот на општината се состои од: Основен буџет, Буџет на самофинансирачки активности, Буџет на донации и Буџет на дотации.

Член 3

Корисниците на средства од буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално, економично и ефикасно.

Член 4

Расходите утврдени со буџетот се максималните износи над кои општината и буџетските корисници не можат да превземаат обврски.

За да превземат нови обврски до Советот на општината треба да се предложи нов извор на средства или намалување на другите расходи во сразмерен однос.

Член 5

Буџетските корисници во тековната фискална година можат да вршат прераспределба во рамките на одобрените буџети.

Прераспределбата на средствата од Буџетот на Општина Македонски Брод ја одобрува Советот на општината.

Одобрените средства со буџетот на ниво на ставки во рамки на потпрограма и буџет не можат да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџетот не може да се зголемат со прераспределба повеќе од 10%.

Член 6

Буџетските корисници кои имаат буџет на донации, буџет на заеми, буџет на дотации и буџет на самофинансирачки активности, во случај кога планираните приходи и други приливи не се реализираат, доставуваат барање за намалување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрени средства во овие буџети.

Градоначалникот доставува барање за намалување до советот на општината.

Буџетските корисници кои имаат буџет на донации, буџет на заеми, буџет на дотации и буџет на самофинансирачки активности, во случај кога планираните приходи и други приливи се реализираат над планираните износи, доставуваат барање за зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрени средства во овие буџети.

Градоначалникот доставува барање за зголемување до советот на општината.

Член 7

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи на буџетот на општината.

Доколку во текот на извршувањето на буџетот, градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на советот изменување и дополнување на буџетот.

Советот на општината на предлог на градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот (ребаланс) најдоцна до 15 ноември во тековната година.

Член 8

Извршувањето на буџетот опфаќа наплата и евидентирање на приходите и другите приливи, како и извршување на расходите и другите одливи во согласност со одобрените средства.

Член 9

Буџетот на општината се извршува во согласност на начелата на сепфатност, специфичност, економичност, транспарентност и сигурно финансиско управување.

Член 10

Корисниците на средствата на Буџетот се одговорни за извршување на расходите и други одливи, во согласност со одобрените средства.

Корисниците на средствата на Буџетот се должни одобрените средства да ги користат наменски.

Секој расход или одлив мора да се заснова на веродостојна сметководствена документација со која се докажува обврската за плаќање.

Член 11

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изгвотвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансиски план по месеци.

Член 12

Општинските локални јавни установи во рок од 15 дена по истекот на месецот за кој се однесуваат, до Градоначалникот доставуваат писмени месечни извештаи со образложение за извршување на нивните финансиски планови.

Член 13

Градоначалникот доставува до Советот на општината писмен квартален извештај со образложение за извршување на Буџетот во рок од еден месец по завршувањето на кварталот.

Член 14

Исплатата на платата на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, согласно Закон за исплата на платите во Република Северна Македонија, Закон за административни службеници, Закон за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката, Закон за работни односи, колективни договори и други законски, подзаконски и интерни акти.

а) Исплатата на платата на градоначалникот на општината се врши според одредбите од Закон за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката со примена на следниот коефициент за утврдување на плата на градоначалникот кој изнесува:

-за градоначалник на општина до 10.000 жители коефициент 2.70 применет на основица за пресметка на платата која изнесува 26.755,00 денари.

б) За вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на платите (бруто) за 2023 година се утврдува со посебна одлука, која ја донесува советот согласно Закон за административни службеници. Работното искуство на државниот службеник се вреднува во износ од 0,5% од делот на основната плата со која се вреднува степенот на образование и додатокот на плата за звање, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

в) За вработените кои немаат статус на државни службеници, платата ќе се исплатува согласно Правилникот за плата на вработените во општината, со вредноста на бодот, која соодвествува на вредноста на бодот утврдена со посебна одлука за административните службеници, Закон за минимална плата и други закони со кои се утврдува висината на платата.

г) За вработените во локалните јавни установи платата ќе се исплатува согласно важечките коефициенти и утврдената вредност на бодот регулирани со потпишаните Колективни договори со ресорните министерства.

Член 15

На членовите на советот на општината им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на советот и надоместок за патни и дневни трошоци.

Средствата за исплата на надоместоците од ставот 1 на овој член се обезбедуваат во буџетот на општината.

Член 16

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот изнесува 40% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

Член 17

На претседателот на советот на општината, за раководење и организирање на работата на советот, надоместокот од член 16, се зголемува за 30%.

Член 18

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седиците се намалува за 30% за секое отсуство од седниците на советот. Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

Член 19

На членовите на советот на општината им се исплатуваат надоместоците за патни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација.

Член 20

Исплатата на плати на локалните јавни установи кои ќе се финансираат со блок дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии. Буџетските корисници од локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се задолжени два дена пред исплатата на плати до општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе се приложат обрасци ПДД-МП и МП-1, копие од рекапитулацијата за пресметани нето и бруто плати, образец Ф1 за бројот на вработени по име и презиме, бруто и нето плати како и други податоци во пишана и електронска верзија (на цд, дискета, е-маил и др.) за односниот месец за кој се однесува исплатата.

Член 21

Во случај на нови вработувања буџетските корисници од локалните јавни установи кои ќе се финансираат со блок дотации се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М1.

Член 22

По извршената контрола согласно планираните средства во буџетот на општината одделните пресметки на локалните јавни установи се доставуваат до ресорното Министерство од кое се трансферира блок дотацијата.

Член 23

Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за култура доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставува до Министерство за финансии за контрола и евиденција.

Член 24

По извршената контрола согласно планираните средства во буџетот на општината одделните пресметки за плата за Територијалната противпожарна единица се доставуваат до Министерство за финансии за контрола и евиденција.

Член 25

Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита, кои се финансираат со блок дотации и Територијалната противпожарна единица, која се финансира со наменска дотција се дава за:

-вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на РСМ за тековната фискална година, согласно член 51, став 1 и 4 од Законот за буџетите за што писмено известување

ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потреба од вработување во локалните јавни установи и ТППЕ со соодветна пропратна документација (решение за пензионирање, решение за престанок на работен однос по основ на смрт и/или по сопствено барање, или по било кој правен основ)

-вработувања за кои се обезбедени средства од буџетот на општината за тековната фискална година за што согласно член 51 став 3 и 4 од Законот за буџетите писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Буџетските корисници на средства од буџетот на општината, можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места, да вработуваат работници на определено време и да склучуваат договори за отстапување на работник за привремени вработувања за вршење на привремени работи само под услов ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на општината.

Градоначалникот на општината дава писмено известување, по претходно дадено позитивно мислење од Министерството за информатичко општество и администрација на актите за систематизација.

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласносо актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на општината.

Член 26

Надоместокот за превоз и хранарина се внесени во бруто платата на вработените во општината. На вработените во ТППЕ ќе им се исплатува надоместок за хранарина за ноќна работа согласно Правилникот за плати на вработените.

Член 27

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување на вработените му се исплатува еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен. Надоместоците се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација и донесено решение од Градоначалникот на општината.

Член 28

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од потставката - Надомест за годишен одмор на основа донесено решение од Градоначалникот.

Висината на надоместокот за годишен одмор се утврдува во висина од најмалку 9.000,00 денари нето до максимум 60% од просечната исплатена месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплата, под услов вработениот да работел најмалку шест месеци во календарската година кај работодавецот.

Член 29

Во случај на смрт на вработениот, на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од 30.000,00 денари.

На вработениот во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) му припаѓа парична помош во висина од 15.000 денари по семејство.

Надоместоците од ставовите 1 и 2 на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настапување на смртта, односно во годината која следи по годината на настапување на смртта и донесено решение од Градоначалникот на општината.

За работниците ангажирани со договор за отстапување на работник за привремени вработувања, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавачот, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања.

Член 30

Во случај на заминување на работникот во пензија му се исплатува двократен износ за отпремнина пресметан врз основа на просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата и се планираат во Буџетот на општината за 2023 година. Средствата за работникот, кој заминува во пензија се планираат на потставката Трансфери при пензионирање. Надоместокот се исплатува врз основа на донесено решение од Градоначалникот.

Член 31

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници е преку набавки со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавни набавки.

Набавките на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност од 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложено фискална сметка ,при што расходите треба да бидат класифицирани по соодветни расходни конта.

Член 32

Во буџетот на општината за финансирање на непланирани или помалку планирани расходи можат да се планираат средства како постојана и тековна резерва.

Постојаната и тековната резерва не може да надмине 3% од вкупно планираните средства во основниот буџет на општината.

За користење на средствата на резервите од став 1 на овој член одлучува советот на општината, а ги извршува градоначалникот.

По исклучок од став 3 на овој член, за користење на средствата од резервите во износ од најмногу од 50.000,00 денари одлучува градоначалникот.

Одобрените средства во постојаната буџетска резерва се користат за отстранување на последиците од елементарни непогоди, епидемии и еколошки катастрофи и не можат да се намалат со прераспределба во тековната година, а доколку се недоволни можат да се зголемат со прераспределба.

Одобрените средства во постојната буџетска резерва се користат за непредвидени случаи за кои во буџетот не се планирани средства или одобрените средства се недоволни.

Градоначалникот на општината му поднесува на советот на општината Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

Член 33

За средствата распоредени во сите програми и потпрограми во Буџетот за 2023 година одлучува Градоначалникот во рамки на утврдени износи во Буџетот, освен за трошење на средствата од подставките во програма Совет на општина и тоа:

-постојана резерва, трансфери до здруженија на граѓани и фондации и трансфери до невладини организации

-трансфери до спортски клубови

-други трансфери за кои одлучува Советот

Член 34

Средствата утврдени во Буџетот на општината и распределени во пооделните програми и подпрограми ги извршува градоначалникот на општината.

Член 35

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, или на повеќе уплатените односно наплатените приходи се врши со решение на градоначалникот, освен во случаи каде надлежноста припаѓа на други органи.

Правото на поврат, односно пренасочување на приходите, застарува во рок од пет години од денот кога истите се уплатени, доколку со друг закон не е поинаку уредено.

Член 36

Општината и локалните јавни установи водат евиденција и вршат пријавување на преземени повеќегодишни обврски (ПО1 образец) и преземени обврски за тековната година (О1 образец).

Член 37

Општината и локалните јавни установи месечно вршат пријавување на доспеаните и недоспеаните обврски за тековната и наредните две години во електронскиот систем (ЕСПЕО) во Министерство за финансии.

Член 38

Буџетот на општина Македонски Брод се извршува од 01.01.2023 до 31.12.2023 година.

Член 39

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе биде објавена во "Службен гласник на Општина Македонски Брод".

Бр. 18 - 930/5
29.12.2022 година

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе, следниот

# З А К Л У Ч О К

за прогласување на Буџет на Општина Македонски Брод за 2023 година
и Одлука за извршување на Буџетот за 2023 година

Се прогласува Буџет на Општина Македонски Брод за 2023 година и Одлука за извршување на Буџетот за 2023 година, што ја донесе Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.12.2022 година.

Бр. 08 - 930/18
30.12.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 20 од Законот за платниот промет („Службен весник на РМ“ 113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/2010, 35/2011, 11/2012, 59/2012, 166/2012, 170/2013, 153/2015, 199/2015, 193/17, 7/2019, 31/2020 и 39/22), Советот на Општина Македонски Брод на 17-та седница одржана на 29.12.2022 година ја донесе следнава

# О Д Л У К А

за утврдување денарски благајнички максимум за 2023 година

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува денарскиот благајнички максимум за 2023 година во износ од 20.000,00 денари.

Член 2

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“, а ќе се применува од 1 Јануари 2023 година.

Бр. 18 - 930/6
29.12.2022 година

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе, следниот

# З А К Л У Ч О К

за прогласување на Одлука за утврдување денарски благајнички максимум за 2023 година

Се прогласува Одлука за утврдување денарски благајнички максимум за 2023 година, што ја донесе Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.12.2022 година.

Бр. 08 - 930/18
30.12.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 - пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 17 - та седница одржана на ден 29 декември 2022 година, донесе

# О Д Л У К А

за давање на согласност на Програма за работа за 2023 година на ОУ Дом на култура - Македонски Брод

1. Советот на Општина Македонски Брод дава согласност на Програма за работа за 2023 година на ОУ Дом на култура – Македонски Брод бр.01-214/1 од 06.12.2022 година, донесена на седница на УО на Дом на култура одржана на ден 09.12.2022 година со арх.број 02-215/4.

2. Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Македонски Брод“.

Број 18 - 930/7
29.12.2022 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе, следниот

# З А К Л У Ч О К

за прогласување на Одлука за давање на согласност на Програма за работа за 2023 година на ОУ Дом на култура - Македонски Брод

Се прогласува Одлука за давање на согласност на Програма за работа за 2023 година на ОУ Дом на култура - Македонски Брод, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.12.2022 година.

Бр. 08 - 930/18
30.12.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02), член 5 од Законот за даноците на имот („Службен весник на РМ" бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16) и член 12 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на РМ" бр. 54/12, 17/13, 21/13 и 142/14) и член 46 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод" бр.02/03...4/17), Советот на Општина Македонски Брод на седумнаесеттата седница одржана на 29.12.2022 година, донесе:

# О Д Л У К А

## за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште за календарската 2023 година

**Член 1**

Со оваа одлука се определува просечната цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште за календарската 2023 година, утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Македонски Брод по Катастарски општини.

**Член 2**

Градежно земјиште е земјиште планирано со актите предвидени со Законот за просторно и урбанистичко планирање и истото може да биде градежно неизградено земјиште, градежно изградено земјиште и градежно земјиште во општа употреба.

Градежното неизградено земјиште е земјиштето опфатено со границите на градежната парцела во рамки на која не се изградени објекти од траен карактер кои се запишани во јавните книги за запишување на правата на недвижности.

Градежно изградено земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот опфатено со границите на градежната парцела.

Градежно земјиште за општа употреба е непарцелизирано градежно земјиште кое служи за изградба на улици, плоштади, инфраструктури и други видови површини за општа употреба, кое се наоѓа вон рамките на градежните парцели и врз кои не е планирано/утврдено право на градење.

**Член 3**

Просечната цена за метар квадратен на градежно земјиште се движи во зависнот од зоната во градот и населеното место и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | КО Македонски Брод | |
| 1.1 | ГРАДЕЖНО НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | |
| | Прва зона | 1800ден/м² |
| | Втора зона | 1450 ден/м² |
| 1.2 | ГРАДЕЖНО ИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | |
| | Прва зона | 1000 ден/м² |
| | Втора зона | 800ден/м² |
| 1.3 | ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА | |
| | Прва зона | 1000 ден/м² |
| | Втора зона | 800 ден/м² |

Табела 1

Просечната цена за метар квадратен на градежното земјиште во селата во општина Македонски Брод ќе се движи:

| 1. | Прва зона | Цена по м² |
|---|---|---|
| 1.1 | Градежно неизградено земјиште | 1800 ден/м² |
| 1.2 | Градежно изградено земјиште | 1000 ден/м² |
| 1.3 | Градежно земјиште за општа употреба | 1000 ден/м² |

Табела 2

| 1. | Втора зона | Цена по м² |
|---|---|---|
| 1.1 | Градежно неизградено земјиште | 1450 ден/м² |
| 1.2 | Градежно изградено земјиште | 800ден/м² |
| 1.3 | Градежно земјиште за општа употреба | 800ден/м² |

Табела 3

| 3. | Трета зона | Цена по м² |
|---|---|---|
| 1. | КО Требовље, КО Близанско, КО Здуње, КО Белица, | |
| 1.1 | ГРАДЕЖНО НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | 1450ден/м² |
| 1.2 | ГРАДЕЖНО ИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | 800ден/м² |
| 1.3 | ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА | 800ден/м² |
| | | |
| 2. | КО Ижиште, КО Самоков | |
| 2.1 | ГРАДЕЖНО НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | 1450ден/м² |
| 2.2 | ГРАДЕЖНО ИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | 700ден/м² |
| 2.3 | ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА | 700ден/м² |
| | | |
| 3. | КО Ореовец, КО Русјаци, КО Латово, КО Требино, КО Девич, КО Сувидол, КО Локвица, КО Г/Д.Манастирец, КО Модриште, КО Драгов Дол | |
| 3.1 | ГРАДЕЖНО НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | 1150ден/м² |
| 3.2 | ГРАДЕЖНО ИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | 600ден/м² |
| 3.3 | ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА | 600ден/м² |
| | | |
| 4. | КО Сланско, КО Дреново, КО Грешница, КО Слатина,КО Могилец, КО Калуѓерец, КО Крапа, КО Ковче, КО Лупште, КО Брест, КО Растеш, КО Томино село, КО Тополница, КО Црешнево | |
| 4.1 | ГРАДЕЖНО НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | 950ден/м² |
| 4.2 | ГРАДЕЖНО ИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | 500ден/м² |
| 4.3 | ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА | 500ден/м² |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | КО Крушје, КО Вир, КО Рамне, КО Зркле, КО Волче, КО Заград, КО Бенче, КОБитово, КО Ботушје, КО Тажево, КО Брезница, КО Звечан,КО Косово, КО Инче, КО Сушица, КО Барбарос | |
| 5.1 | ГРАДЕЖНО НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | 800ден/м² |
| 5.2 | ГРАДЕЖНО ИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | 400ден/м² |
| 5.3 | ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА | 400ден/м² |

Табела 4

**Член 4**

Со денот на започнувањето на примената на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште за календарската 2022 година со бр.18-788/4 од 14.12.2021 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.10/2021).

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”, а ќе започне да се применува од 01 јануари 2023 година.

Бр. 18 - 930/8
29.12.2022 година

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште за календарската 2023 година

Се објавува Одлука за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште за календарската 2023 година, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 17 - та седница одржана на ден 29.12.2022 година.

Бр. 08 - 930/18
30.12.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02), член 5 од Законот за даноците на имот („Службен весник на РМ" бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16) и член 13 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на РМ" бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14) и член 46 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод" бр.02/03…4/17), Советот на Општина Македонски Брод на седумнаесетата седница одржана на 29.12.2022 година, донесе

# О Д Л У К А

за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2023 година

Член 1

Со оваа одлука се определува просечната цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2023 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Македонски Брод по Катастарски општини.

Член 2

Просечната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата по Катастарски Општини во денари за метар квадратен се движи:

| Ред. бр. | Општина Македонски Брод | Класа 1 | Класа 2 | Класа 3 | Класа 4 | Класа 5 | Класа 6 | Класа 7 | Класа 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | КО Македонски Брод | 650 | 600 | 550 | 500 | 450 | 400 | 350 | 300 |
| 2. | КО Требовље, КО Близанско, КО Здуње, КО Белица | 650 | 600 | 550 | 500 | 450 | 400 | 350 | 300 |
| 3. | КО Ижиште, КО Самоков | 550 | 500 | 450 | 400 | 350 | 300 | 250 | 200 |
| 4. | КО Ореовец, КО Русјаци, КО Латово, КО Требино, КО Девич, КО Сувидол, КО Манастирец, КО Модриште, КО Драгов Дол, КО | 450 | 400 | 350 | 300 | 250 | 200 | 150 | 100 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Локвица, КО Црешнево | | | | | | | | |
| 5. | КО Сланско, КО Дреново,<br>КО Грешница, КО Слатина<br>КО Могилец, КО Калуѓерец,<br>КО Крапа, КО Ковач,<br>КО Лупште, КО Брест,<br>КО Растеш, КО Томино село,<br>КО Тополница | 350 | 310 | 270 | 230 | 190 | 150 | 100 | 50 |
| 6. | КО Крушје, КО Вир, КО Рамне, КО Зркле, КО Волче,<br>КО Заград, КО Бенче,<br>КО Битово, КО Ботушје,<br>КО Тажево, КО Брезница,<br>КО Звечан, КО Косово,<br>КО Инче, КО Сушица,<br>КО Барбарас, | 300 | 250 | 200 | 170 | 140 | 110 | 60 | 30 |

Табела 1

Член 3

Со денот на започнувањето на примената на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2022 година со бр.18-788/5 од 14.12.2021 година („Службен весник на Општина Македонски Брод“ бр.10/21)

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2023 година.

Бр. 18 - 930/9
29.12.2022 година

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2023 година

Се објавува Одлука за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2023 година, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 17 - та седница одржана на ден 29.12.2022 година.

Бр. 08 - 930/18
30.12.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002),член 21 став 1 точка 1 и член 116 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод" бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 5/19) и член 1 од Одлуката за пристап кон измена и дополнување на Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод" бр.11/22), а во врска со член 16 став 1 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РМ" бр.10/20), Советот на Општина Македонски Брод, на седумнаесеттата седница, одржана на ден 29.12.2022 година, донесе

# СТАТУТАРНА ОДЛУКА

за измена и дополнување на Статутот на Општина Македонски Брод

**Член 1**

Во Статутот на Општина Мкедонски Брод во глава III.ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА членот 44-а се менува и гласи:

**ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ**

Општина Македонски Брод формира Локален младински совет.

Локалниот младински совет има советодавна и застапувачка улога од делокругот на младински прашања и политики.

Членови на Локалниот младински совет може да бидат жители на Општина Македонски Брод,на возраст од 15 до 29 години.

Претставниците на локалниот младински совет имаат право да:

-предлагаатточкина дневен ред на Советот на општината кои ги засегаат младите:

-иницираатпрашањазамладиоддделокруготнаработатанаопштината

-иницираат,учествуваат и даваатповратниинформацизапроцесотна локална младинска стратегија и други политики;

-доставуваатинформацииоопштинатаза прашања кои се однесуваат на младите;

-соработуваатприизработкатанаАкцискитепланвизалокалнатастратегија за млади и на Локалната стратегија за млади и

- вршат други советодавни и застапувачки работи во согласност сп законите со кои се уредуваат прашања кои се однесуваат на младите.

Локалниот младински совет на Општина Македонски Брод брои пет членови.

Мандатот на членовите на локалниот младинкси совет трае две години со право на уште еден избор.

**Член 2**

**Членот 44 б се менува и гласи:**

Локално собрание на млади претставува тело на формите на младинско организирање кое врши избор на младински претставници во локалниот младински совет,креира приоритети и политики за застапување на младинските претставници и ја координира и следи нивната работа.За конституирање на локалното собрание на млади се свикува иницијативен одбор,составен од

претставници на младински организации,политички подмладоци ,ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.Работите околу свикувањето на иницијативниот одбор ги координира државен службеник од администрацијата на општината,назначен од страна на Градоначалникот.

Иницијативниот одбор го распишува повикот за конститутивно локално собрание на млади,по принципот на транспарентност и јавност,објавувајќи го истиот на ВЕБ страната на општината.

Иницијативниот одбор се формира само за одржување на конститутивното локално собрание на млади.

Формите на организирање од став 2 на овој член,номинираат делегат и заменик- делегат во годишното собрание на млади.

За да номинираат делегат и заменик -делегат и за да членуваат во локалното собрание на млади,формите на организирање и здружување од ставот 2 на овој член,не мора да имаат регистрирано седиште во Општина Македонски Брод,но мора да имаат активности на територијата на општината.

Делегатот и заменик-делегатот се жители на Општина Македонски Брод на возраст од 15 до 29 години.

**Член 3**

**Членот 44-в се менува и гласи:**

Изборот на членовите на локалниот младински совет е во постапка со јавен повик.

Јавниот повик за членови на локалниот младински совет го објавува локалното собрание за млади.

Јавниот повик се објавува на веб-страницата на општината.

Локалното собрание на млади избира членови на локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање,во кое право на глас имаат делегатите од локалното собрание на млади.

За избрани членови на локалниот младински совет се сметаат оние кандидати кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати.

Членовите на локалниот младински совет се верификуваат од страна на Советот на општината,по добиена одлука за избор на членови од страна на Собранието на млади на општината.

Од избраните членови на локалниот младински совет се избирааат претседател и заменик-претседател.

**Член 4**

**Членот 44-г се менува и гласи:**

Локалната стратегија за млади е стратешки документ со кој во согласност со националната стратегија за млади се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредувања на интересите на младите на локално ниво и се утврдуваат организациски,финансиски и административни мерки за нивно остварување.Локалната стратегија содржи Акциски план за реализација со дефинирани активности и проекции на буџетски средства,како и услови и индикатори за евалуација за спроведувањето на локалната стратегија за млади.Локалната стратегија за млади ја донесува Советот на општината за период од пет години.Локалната стратегија за млади се изработува од страна на Општина Македонски Брод во соработка со локалниот совет на млади.

Акциските планови за локалната стратегија за млади се изработуваат од страна на општината во соработка со локалниот совет за млади,за период од една до три години и за нив се поднесува буџет за реализација.

Акциските планови ги донесува Советот на Општина Македонски Брод.

**Член 5**

**Членот 44-д се менува и гласи:**

Општина Македонски Бродформира канцеларија за млади од каде се координира работата на младите и истата претставува појдовна точка за пристап на младите на локално ниво.

**Член 6**

**Членот 44-ѓ се менува и гласи:**

Младински центар е место каде се подготвуваат и спроведуваат програми кои ја подобруваат благосостојбата на младите,развојот на личниот,социјалниот и професионалниот живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите.

За работа со млади во младинскиот центар одговорни се младински работници.

Младинкси центар се основа во соработка меѓу општините,младинските форми на организирање регулирани со Законот за младинско учество и младински политики.

**Член 7**

**Членот 44-е се менува и гласи:**

Општина Македонски Брод е должна да одреди службеник за млади-лице одговорно за работењето на Кнцеларијата за млади,кое е одговорно за координирање,спроведување и следење на прашања од интерес за младите во делокругот на надлежностите на општината.

Службеникот за млади изготвува годишен извештај за работата на Општина Македонски Брод во делокругот на млади и истиот го поднесува до Агенцијата за млади и спорт и го објавува на веб-страницата на Општина Македонски Брод

Контакт информациите за службеникот за млади се јавно достапни преку гласилата на Општина Македонски Брод.

**Член 8**

**По членот 44-ж се додава нов член 44-з , кој гласи:**

Од Буџетот на Општина Македонски Брод,за млади се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1 % на годишно ниво.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Македонски Брод".

Бр. 18 - 930/10
29.12.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Македонски Брод

Се објавува Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 17 - та седница одржана на ден 29.12.2022 година.

Бр. 08 - 930/18
30.12.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески с.р.

# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

# СОЦИЈАЛЕН ПЛАН

# 2023 – 2026

**Содржина:**

**1.Вовед........................................................................................................................................................................ 3**
**1.1 Социо –економски карактеристики на општината……………………………………………………………………..4**
**1.2 Законска регулатива…………………………………………………………………………………………………… 6**
**1.3 Општинска структура за спроведување на Социјален план………………………………………………………...6**
**2.Мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи на локално ниво и нивнитепотреби ........................................... 7**

**3.СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ...............................................................................................................................................13**
**3.1 ПОСТОЕЧКИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ............................................................................................................... 14**
**3.1.1 Услуги на информирање и упатување................................................................................................................. 15**
**3.1.2 Услуги на стручна помош и поддршка.................................................................................................................15**
**3.1.3 Услуги на советување.......................................................................................................................................... 15**
**3.1,4 Услуги во домот..................................................................................................................................................... 15**
**3.1.5 Услуги во заедницата............................................................................................................................................. 15**
**3.1.6 Услуги на вон семејна заштита............................................................................................................................ 16**
**3.2НОВИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ..........................................................................................................................., 16**
**3.2.1Услуги на информирање и упатување.................................................................................................................. 16**
**3.2.2Услуги на стручна помош и поддршка.................................................................................................................. 16**
**3.2.3Услуги на советување.............................................................................................................................................. 17**
**3.2.4Услуги во домот...........................................................................................................................................................17**
**3.2.5Услуги во заедницата...................................................................................................................................................18**
**3.2.6Услуги на вон семејна заштита .............................................................................................................................. 19**
**3.3 СОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ..................................................................................................................................... 19**

**3.4 ИДЕНТИФИКУВАЊЕ И ПРИОРЕТИЗИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ И УСЛУГИ ЗА НИВНО НАДМИНУВАЊЕ............... 19**

**4. Потребни капацитети ................................................................................................................................................. 20**

**5. Лиценцирање на даватели на услуги и финансиска поддршка ........................................................................................ 22**

## 1. Вовед

Надлежноста на единиците на локална самоуправа во областа на социјалната заштита, дефинирана е во член 22 став 7 од Законот за локална самоуправа. Општина Македонски Брод, својата надлежност од областа на социјалната заштита ја реализира преку Програмата за социјална заштита со која програма се врши планирање на финансиските средства, мерките и активностите за надминување на утврдените социјални проблеми и зголемување на достапноста на услугите согласно потребите на најранливите категории на граѓани.

Социјалниот план има за цел мапирање на социјалните проблеми на ранливите групи во општината, да изврши анализа на сегашните состојби и капацитети и расположливи социјални услуги, а посебно да ги утврди специфичните потреби за развој на социјални услуги во Општина Македонски Брод на среднорочен план издвојувајќи ги приоритетите по права, услуги, бројност на годишно ниво.

Во рамките на своите можности, општината обезбедува периодична помош за најзагрозени лица.За да се подобри квалитетот на живот посебно на ранливите категории на население од особено значење е превенирање и спречување на влошување на здравјето, социјална негрижа, исклученост и општествена изолираност, подигање на степенот на здравствена грижа кај старата популација и другите болни лица и поттикнување на социјалната вклученост на корисниците во најосновните текови од општествениот живот и локалната заедница.

### 1.1 Социо – економски карактеристики на општината

Општина Македонски Брод е ридско – планинска општина лоцирана во југозападниот дел и припаѓа на југозападниот плански регион.Со површина од 888,7 км$^2$ спаѓа во редот на средно големи општини, односно трета по ред по големина на површина. Општината го зафаќа средното течение на реката Треска, западно од планинскиот масив Јакупица,целосно ја опфаќа областа Поречје и се протега на југ до Бушева Планина, на запад до Коњарник и Добра Вода, на север до Сува Гора и на исток до Караџица, Јакупица и Даутица.Градот Македонски Брод од Кичево е оддалечен 27 км во источен правец, а во северозападен правец на 37 км е оддалечен од градот Прилеп. Општина Македонски Брод граничи со општините Пласница, Гостивар, Брвеница, Желино, Сопиште, Студеничани, Чашка, Долнени и Крушево.

Општината има 51 населено место со општински центар Македонски Брод (едно урбано и 50 рурални населби).Селата се од разбиен тип, меѓу себе се поврзани со земјен или асфалтиран пат. Најодалеченото село е Здуње кое 54 км е оддалечено од административниот центар. Во Општина Македонски Брод, според податоците од последниот попис на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2021 година, живеат вкупно 6124 жители во 2111 домаќинства и претставува ретко населена општина.Карактеристично е што всушност само десетина села имаат над 100 жители.

За Општина Македонски Брод карактеристично е демографското стареење на населението. Населението е главно од постари лица кои во голем дел не можат да се грижат за самите себе и имаат сосема недоволнимили никакви приходи (пензија,социјална помош и /или туѓа нега. Од ова може да се заклучи дека во овие села постои висок степен на сиромаштија и зголемен степен на неспособност за грижа за себеси, предизвикана од старост и немоќ. Споредбата на бројот на населението во Општина Македонски Брод од 2002 година и постојаното годишно менување, според официјални податоци од ДЗС и од административни извори укажува дека населението има тенденција на постојано намалување.Се случува забрзана миграција на релација Македонски Брод - други поразвиени општини, главно Скопје или релација Македонски Брод – странство што е тренд во последните години и тоа претежно на млади образовани кадри.
Населението во Општина Македонски Брод, според изјаснувањето на последниот попис е со следниот состав:

| Општина | Вкупно попишани | Вкупно резидентно | Вкупно нерезидентно |
|---|---|---|---|

| | | | | население | | | неселение | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| Македонски Брод | 6 124 | 3 194 | 2 930 | 5 889 | 3 055 | 2 834 | 235 | 139 | 96 |
| Македонци | 5 504 | 2 891 | 2 613 | 5 367 | 2 805 | 2 562 | 137 | 86 | 51 |
| Албанци | 40 | 1 | 39 | 38 | - | 38 | 2 | 1 | 1 |
| Турци | 333 | 172 | 161 | 241 | 122 | 119 | 92 | 50 | 42 |
| Роми | 18 | 10 | 8 | 18 | 10 | 8 | - | - | - |
| Власи | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Срби | 10 | 6 | 4 | 10 | 6 | 4 | - | - | - |
| Бошњаци | 1 | - | 1 | 1 | - | 1 | - | - | - |
| Другинеспомнати | 9 | 2 | 7 | 8 | 2 | 6 | 1 | - | 1 |
| Несеизјасниле | 2 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | - | - | - |
| Непознато | 3 | 2 | 1 | - | - | - | 3 | 2 | 1 |

Општина Македонски Брод како рурална општина си има свои специфики и потреби.
На територијата на Општина Македонски Брод има Јавна здравствена установа која се најдува во градот Македонски Брод. Во градот има две приватни амбуланти и три приватни аптеки, како и една приватна амбуланта во с. Самоков.Важно е да се напомене дека граѓаните кои живеат во поречието, односно селата во Порече, немаат во близина ниедна аптека. За своите потреби од лекови треба да патуваат до Македонски Брод. Јавната здравствена установа не располага со доволен број на лекари, медицински сестри и опрема. Возилата се ограничени и при повик во брзата помош, не е можно навреме да се стигне до одредената дестинација. Лицата кои живеат во подалечните планински села се поранливи, пред се поради слабата пристапност кон здравствените, образовните и сите други витални институции во текот на целата година, а особено во текот на зимскиот период, кога овие села се скоро отсечени.

Културниот живот во Општина Македонски Брод се сведува само на Домот на култура во чии рамки работи библиотека и КУД „7-ми Септември“. Нема театар, нема кино и т.н
Доколку децата или други лица имаат потреба од активности кои се дел од неформалното образование-курсеви по странски јазици, уметност, разни спортови и друго, треба да одат во другите градови. Од друга страна јавниот превоз не нуди чести

автобуски линии, па заради сето тоа дополнително време и дополнителни средства често сите тие активности се недостапни, како за децата така и за сите ранливи и маргинализирани граѓани.

Разгледувајќи ја состојбата со СОУ „Св.Наум Охридски“ се доаѓа до заклучок дека со измените во Законот за средно образование значителен број на ученици се запишуваат во средните училишта од другите градови, така да на средното училиште во Општина Македонски Брод му претстои згаснување, со што голем број на вработени би останале без работа.

Од областа на социјалната заштита, во општината работат ЈУ МЦСР и Детската градинка.

**1.2. Законскарегулатива**

- Законот за социјална заштита („Службен весник на РСМ“ бр.104 од 23.05.2019)
- Законот за изменување и дополнување на законот за социјална заштита („Службен весник на РСМ“ бр.146 од 17.07.2019 г.)
- Законот за заштита на децата („Службен весник на РСМ“ бр.146 од 17.07.2019 г.)
- Национална стратегија за деинституционализација и Акциски план “Тримајник”)
- Закон за семејство („Службен весник на РСМ“ бр.153 од 20.10.2014)
- Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство („Службен весник на РСМ“ бр.150 од 02.09.2015)
- Закон за финансирање на единиците на Локална самоуправа („Службен весник на РСМ“, бр.61/04, 96/04, 67/07,156/09 и 47/11)
- Закон за локална самоуправа („Службен весник на РСМ“, бр. 5 од 29.01.2002)
- Закон за основно образование („Службен весник на РМ“ бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18)
- Национална програма за социјална заштита („Службен весник на РСМ“, бр.192 од 17.10.2016)
- Стратегија за стари лица 2010-2020 и
- други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита.

**1.3 Општинска структура за спроведување на Социјален план**

Во рамки на општинската администрација во Општина Македонски Брод постои Сектор за општи и правни работи – Одделение за јавни работи, во чии рамки се третираат прашањата од областа на социјалната заштита.

За остварување на дејноста на социјалната заштита Советот на Општина Македонски Брод формираше Совет за социјална заштита на општината.

При изработката на овој План беше вклучен Секторот за комунални дејности, урбанизам,ЛЕР и животна средина Одговорно лице е Милка Стаменкоска (контакт податоци: stamenkoskam@yahoo.com и телефонски број 078 253 372

**2.Мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи на локално ниво и нивните потреби**

За потребите за изготвување на овој Социјален план беа побарани податоци од повеќе институции: Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на РСМ, Агенција за вработување на РСМ, ООУ „Св.КЛимент Охридски", Меѓуопштинскиот центар за социјални работи и Здружението на пензионери. Дневниот центар за деца со посебни потреби.

Со анализирање на податоците ќе видиме еден дел од сликата на општината.

Во Општина Македонски Брод постои Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјални работи за Општина Македонски Брод и Општина Пласница, каде граѓаните можат непосредно да гии користат услугите на информирање и упатување. Но, со оглед на површината што ја зафаќа општината и конфигурацијата на селата, остварувањето непречен пристап до правата и услугите, е отежнато имајќи во предвид дека треба да се патува до административниот центар.

Согласно податоците на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи – Македонски Брод, во општината има евидентирано:

- корисници на надоместок на помош и нега -347
- корисници на социјална сигурност за стари лица -28
- корисници на надоместок заради попреченост -37
- корисници на посебен додаток – 16
- корисници на гарантирана минимална помош- 196
- број на стари и изнемоштени лица 32
- лица со оштетен вид – 11
- лица со оштетен слух -16
- лица со пречки со телесен развој -3
- лица со комбинирани пречки -10
- лица со интелектуална попреченост -7

Со цел да се помогне на ранливите граѓани, општината секоја година изготвува Програма за раработа од областа на социјалната заштита на своето население.Помошта која што ја пружа е пред се парична и не е доволна. Општината нема доволно финансиски капацитети за помош на граѓаните за излез од одредена состојба во која се нашле. За жал, за голем дел од ранливите категории паричната помош не е секогаш најважна и евидентна е потребата за развој на социјални услуги и стручна поддршка на семејствата кои се соочуваат со некаков социјален ризик, секако поддржани од здравствени услуги.

Една од спецификите на Општина Македонски Брод е демографското стареење кое е и еден од нејзините главни проблеми. Според податоците од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување заклучно со месец декември 2021 година бројот на пензионери во Општина Македонски Брод е 1208 пензионери, но според најновите податоци од Здружението на пензионери бројката е поголема и изнесува 1400 пензионери.

Во услови кога се соочуваме со масовна миграција на младите и работоспособни лица кон развиените урбани средини, а во последните години се почесто надвор од нашата држава, многу стари и изнемоштени лица се останати без грижа и поддршка од семејствата. Оваа состојба влијае на квалитетот на животот на оваа ранлива група. Посебно ранливи се старите лица во руралните средини.

Врз основа на податоците кои ги добивме од Здружението на пензионери еден дел од пензионерите се организираат во Здружението на пензионери кое има свои простории во централното градско подрачје, каде се дружат, играат карти, шах и други друштвени игри. Други пак, се занимаваат со пчеларство или со обработка на своите градини. Меѓутоа има особено стари и изнемоштени лица кои се соочуваат со проблеми од изолираност, осаменост и немоќ за извршување на основните егзистенцијални активности. Затоа потребно би било креирање на социјални услуги кои би им го олесниле функционирањето и животот, односно унапредување и развивање на услугата помош и нега во домот.

Според податоците од АВРМ состојбата со пријавените во Центарот за вработување Македонски Брод е следна:

**Преглед на невработени лица (активни баратели на работа) евидентирани во АВРМ – Центар за вработување – Македонски Брод,** споредшколска подготовка и пол, сосостојба до 30.06.2022

| Општина | Вкупно | | **Безобразование и сооснoвнообразование** | | **Непотполносреднообразование** | | **Завршеносредноoбразование** | | **Вишеобразование** | | **Високообразование** | | **Магистринанауки** | | **Докторинанауки** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени |
| Македонски Брод | 799 | 390 | 321 | 172 | 129 | 53 | 290 | 135 | 7 | 1 | 50 | 27 | 2 | 2 | 0 | 0 |

**Преглед на други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа) евидентирани во АВРМ – Центар за вработување – Македонски Брод, според школска подготовка и пол, со состојба до 30.06.2022**

| Општина | Вкупно | | Безобразование и сооосновнообразование | | Непотполносредннообразование | | Завршеносредннообразование | | Вишеобразование | | Високообразование | | Магистринанауки | | Докторинанауки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени |
| **Македонски Брод** | 126 | 85 | 57 | 47 | 20 | 15 | 36 | 19 | 1 | 0 | 11 | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 |

**Преглед на невработени лица (активни баратели на работа) евидентирани во АВРМ –Центар за вработување – Македонски Брод, според национална припадност** и пол, сосостојба до 30.06.2022

| Општина | Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Власи | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени |
| Македонски Брод | 799 | 390 | 788 | 381 | 9 | 9 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Преглед на други лица кои бараат работа( пасивни баратели на работа) евидентирани во АВРМ –Центар за вработување – Македонски Брод, според национална припадност и пол, со состојба** до 30.06.2022

| Општина | Вкупно | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Власи | | Бошњаци | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени |
| Македонски Брод | 126 | 85 | 125 | 84 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Преглед на невработени лицакои бараат работа( активни баратели на работа) евидентирани во АВРМ –Центар за вработување – Македонски Брод, според национална припадност, возраст и пол, со состојба до 30.06.2022**

| Општина Макед.Брод | вкупно | | Од 15-19г. | | Од 20-24 | | од 25-29г. | | Од 30-34г. | | Од 35-39г. | | Од40-44г, | | Од45-49г. | | Од50-54г. | | Од55-59г. | | 60г.и повеќе | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени |
| Македонци | 788 | 381 | 5 | 4 | 37 | 24 | 49 | 24 | 54 | 26 | 60 | 32 | 46 | 27 | 82 | 39 | 99 | 58 | 195 | 105 | 161 | 42 |
| Албанци | 9 | 9 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Турци | 1 | 0, | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Срби | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| вкупно | 799 | 390 | 5 | 4 | 37 | 24 | 49 | 24 | 55 | 27 | 61 | 33 | 50 | 30 | 84 | 41 | 101 | 60 | 196 | 105 | 161 | 42 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Преглед на други лица кои бараат работа( пасивни баратели на работа) евидентирани во АВРМ – Центар за вработување – Македонски Брод, според национална припадност, возраст и пол, со состојба до 30.06.2022**

| Општина Макед.Брод | вкупно | | Од 15-19г. | | Од 20-24 | | од 25-29г. | | Од 30-34г. | | Од 35-39г. | | Од40-44г, | | Од45-49г. | | Од50-54г. | | Од55-59г. | | 60г.и повеќе | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени |
| Македонци | 125 | 84 | 0 | 0 | 5 | 1 | 11 | 5 | 10 | 4 | 9 | 6 | 14 | 10 | 11 | 9 | 26 | 20 | 25 | 19 | 14 | 10 |
| Турци | 1 | 1, | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| вкупно | 126 | 85 | 0 | 0 | 5 | 1 | 11 | 5 | 10 | 4 | 10 | 7 | 14 | 10 | 11 | 9 | 26 | 20 | 25 | 19 | 14 | 10 |

Од табелите може да се види дека според образовната структура од вкупно 799 евидентирани активни баратели дури 450 се неквалификувани, 290 се со средно образование. Со високо образование евидентирани се 50 лица. Ако ја разгледуваме состојбата на невработените според возраста, може да се заклучи дека поголемиот процент на невработени отпаѓа на лица повозрасни од 40 години.Постои мала раздвиженост на пазарот за труд со отворањето на фабриките во с.Самоков и Кичево,но има голема бројка на долгорочно невработени лица.Особено е загрижувачки фактот што голем дел од невработрените се неквалификувани или со средно образование.

Друга специфичност со која се соочува општината е нерамномерноста во развојот и нееднаквите услови за живот во различните делови на општината. Лицата во руралните средини се во поголем социјален ризик отколку од градот. Покрај инфраструктурните разлики и проблеми, жителите од руралните средини се соочуваат и со помала достапност на социјални и здравствени услуги. Младите што живеат во тие средини се соочуваат со притисокот на социјална исклученост и општествените активности кои ним им се важни и кои се случуваат во централното подрачје на општината.

Агенцијата за вработување е многу активна и постојано објавува и информира за нови мерки за самовработување, самовработување со кредитирање и обуки кои невработените имаат можност да ги користат.Мапирано е дека за намалување

на невработеноста воопшто а посебно кај младите потребно е создавање на услови за отворање на работни места.Во оваа насока општината размислува за изнаоѓање на форми преку кои би се создале потребните услови. Тука се размислувањата, односно заложбите за развој на претприемништвото и други форми. Гледајќи ја структурата на невработените многу е важно општината да помага или да поддржува дообука или преквалификација на најранливите, да им помага со информирање и упатување за можностите во регионот, но да ги информира и за мерки кои произлегуваат од националните програми иполитики. Еден од начините е и развивање на социјални услуги со кои ќе се направи опфат на најтешко вработливите лица, нивна обука и квалификација, како и лиценцирање за вршење на социјални услуги, односно создавање кадри за негуватели кои ќе вршат нега на стари и болни и изнемоштени лици во домашни услови.

При анализата на состојбите со активни деловни субјекти со седиштево Општина Македонски Брод доминираат деловни субјекти што работат во секторот трговија на мало, угостителски капацитети и текстилна конфекција. Вкупно се регистрирани 146 активни деловни субјекти.

Во надлежност на општината се следните јавни установи и претпријатија: едно основно училиште „Св.Климент Охридски“, во чиј состав влегуваат седум подрачни училишта од кои две се до деветто одделение, додека другите пет се до петто одделение, едно средно училиште „Св. Наум Охридски“, во кое има три насоки: гимназија, угостителство и туризам и машинска насока, детска градинка „7-ми Септември“, Дом на култура„Македонски Брод“ и две комунални претпријатија Комунална хигиена и ЛП Водовод и канализација.

Во центарот на градот има две казина и две обложувалници што овозможува голем број од младата популација, а не се исклучени и возрасните, да се оддаваат на хазардни игри.

Општина Македонски Брод е општина која има голем број згрижувачки семејства. Вкупно 37 згрижувачки семејства и 54 згрижени деца. Во с. Манастирец е отворен Дневен центар за децасо попреченост, каде престојуваат 11 деца. Центарот не располага со стручни кадри. Има вработено едно лице.

Се планира отворање на Дневен центар и во градот Македонски Брод, каде живеат голем број од згрижувачките семејства. Центарот би го посетувале деца со попреченост без разлика дали се во згрижувачки семејства или се со своето биолошкосемејство. Заради подобро социјализирање на децата и извршување на некои неодложни работи, овој центар би им бил од голема корист на згрижувачките семејства и оние кои имаат потреба од помош.

Во ООУ „Св.Климент Охридски“ вкупно се запишани 461 ученик. Евидентирани се 13 деца со комбинирана попреченост и со направена МКФ проценка. Повеќето деца се од згрижувачки семејства. За потребите на училиштето вработени се 4 образовни асистенти преку ресурсниот центар ОУ Кочо Рацин од Битола. Во училиштето работи и еден дефектолог, но се настојува да се зголеми бројот на образовни асистенти, а се истакнува потребата и од лични асистенти.

Во соработка со Фондацијата за развој на образованието Чекор по чекор, а финансиран од НЛБ се реализира проектот „Сензорна соба“ која е опремена со реквизити кои се наменети за третман на деца со посебни потреби, односно за целокупен психофизички развој на децата. Потребни се стручни лица за работење во сензорната соба.

Досегашната пракса во општината, а со цел навремено да им се помогне на граѓаните кои се во социјален ризик е доделувањето на еднократна парична помош, во согласност со правилник и Одлука на Совет. За помошта може да аплицираат жители на Општина Македонски Брод кои имаат потреба од социјална заштита и помош заради нарушена здравствена потреба од лекување или оперативен зафат или други ризични ситуации кои ги нарушуваат нивните услови за домување и живот.

**3.Социјални услуги**

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес и претставува систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита. Под социјален ризик во смисла на овој закон се подразбира:

- ризици по здравјето (болест,повреда и инвалидност)
- ризици на старост и стареење
- ризици на еднородителско семејство
- ризици од невработеност
- ризици од сиромаштија и
- ризици од друг вид на социјална исклученост

Социјалната заштита,односно нејзиниот систем го сочинуваат установите, институциите, мерките, активностите и формите коишто се остваруваат во рамките на реализирањето на правата на граѓаните од областа на социјалната заштита.Организацијата и системот на социјалната заштита се остварува преку стручна работа во установите за социјална

заштита, преку мерки,активности, програмии политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми.

- услуги за информирање и упатување
- услуги за стручна помош и поддршка
- услуги на советување
- услуги во домот
- услуги во заедницата
- услуги во вон семејна заштита

### 3.1 Постоечки социјални услуги

Социјалните услуги се ориентирани кон помош во задоволување на потреби кои не се поврзани со пари и остварување на развојни планови кои ќе придонесат за подобар социјализаторски развој. Тие понекогаш се нарекуваат лични социјални услуги, хумани социјални услуги или услуги за социјална нега. Задоволувањето на финансиските потреби на ранливите категории е мошне важно за нивната сигурност, но сепак не секогаш може да обезбеди задоволувачко ниво на социјално функционирање. Социјалното вклучување на ранливите групи најдобро се остварува преку обезбедување достапност на социјалните услуги во заедницата, нивниот развој според потребите од помош, јакнење на капацитетите на корисниците,отстранување на пречките и создавање еднакви можности за нивно социјално вклучување.

Социјалните услуги кои се обезбедуваат согласно Законот за социјална заштита се:

**3.1.1 Услуги на информирање и упатување** – согласно член 71 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјана работа – Македонски Брод

**3.1.2 Услуги на стручна помош и поддршка** – согласно чл.72 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјана работа – Македонски Брод

**3.1.3 Услуги на советување** –согласно чл.73 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјана работа – Македонски Брод

**3.1.4 Услуги во домот**

Помош и нега во домот – грижа за стари и изнемоштени лица

Преку проектот за подобрување на социјални услуги кој е финансиран од Светска Банка и во соработка со МТСП и ОО Црвен крст од Кичево, во општината се реализира услугата помош и нега на болни и стари лица. Со услугата се опфатени 24 корисници, а за негуватели се сертифицирани 10 лица. Негувателите во домашни услови овозможуваат дружење и комуникација со со старите и изнемоштени лица, спроведуваат превентивни здравствени активности како што се мерење шеќер во крвта, мерење притисок, купување лекови и други намирници кои се потрбни, приготвување на храна, комуникација со блиски, комуникација со институции, помош околу хигиената во домот и слични активности.

### 3.1.5. Услуги во заедницата

**Дневен центар за деца со попреченост**, има во с. Манастирец, и во него престојуваат 11 деца. Центарот не располага со стручни кадри. Има вработено едно лице.

**Сензорна соба**. Во склоп на училиштето „Св. Климент Охридски“ има сензорна соба која ја користат учениците со посебни потреби, но потребно е дообучување на стручните служби за да може целосно да бидат искористени можностите што ги нуди т.н асистивна технологија.

### 3.1.6 Услуга на вон семејна заштита

**Згрижување во друго семејство**

Врз основа на податоците кои се добиени од Меѓуопштинскиот центар за социјални работи во општина Македонски Брод во моментот има 54 деца кои ја користат услугата за вон семејна заштита, односно истите се прифатени од згрижувачкии семејства.

## 3.2 Нови социјални услуги

Во периодот што следува планиран е развој на нови социјални услуги, но и продолжување на веќе воспоставените услуги кои се од големо значење за граѓаните од социјален ризик.

### 3.2.1 Услуги за информирање и упатување

Воспоставување на општински информативен центар, како место каде што фокусот ќе биде да се добијат сите информации од Меѓуопштинскиот центар за социјални работи и Центарот за вработување во Македонски Брод. Со развој на оваа услуга ќе се зголеми достапноста на информациите до граѓаните особено до оние граѓани кои се невработени или пак имаат потреба од социјална помош/услуга и сакаат да се информираат за нивните права.
Тоа секако дека нема да го замени Меѓуопштинскиот центар за социјални работи и Центарот за вработување, туку само да го олесни и приближи работењето меѓу општината, центарот и агенцијата, односно да им овозможи на граѓаните да се информираат за расположливите права и услуги за социјална заштита и можностите кои ги нуди пазарот на труд.

**3.2.2 Услуги за стручна помош и поддршка**

Општинскиот информативен центар ќе се користи и за оваа социјална услуга. Невработените лица кои живеат во сиромаштија или се во ризик од неа и се неквалификувани , а со тоа и тешко вработливи имаат потреба од од стручна помош и поддршка во процесот на наоѓање или задржување на работното место. Дополнително услугата можат да ја користат сите кои се соочуваат со предизвици на новото време,новите начини на работа, новите комуникациски норми или животни промени.

**3.2.3 Услуги на советување**

Како приоритет се истакнува потребата од психо – социјална поддршка и едукација на родителите кои имаат деца со потешкотии во говорот и физичка попреченост. Како можност за развој на оваа услуга се гледа Повикот за аплицирање за развој на социјални услуги од страна на МТСП во соработка со Светска Банка, каде Општина Македонски Брод има аплицирано ра развој на социјална услуга преку која родителите што имаат деца со потешкотии во говорот или пак се со физичка попреченост или имаат згрижено такви деца ќе можат да добијат стручна помош и поддршка.Од друга страна, пак,услугите за советување ќе се моделираат според потребата, односно актуелните состојби во заедницата. Во моментов, според информациите од ЈУ МЦСР нема податоци за насилство , разводи и слично, но не значи дека истите нема да се појават.

**3.2.4 Услуги во домот**
**<u>Помош и нега во домот</u>**

Општина Македонски Брод во соработка со ОО Црвен крст од Кичево веќе ја има развиено услугата помош и нега во домот на стари лица, преку Повикот за социјални услуги од страна на МТСП преку Светска Банка. Со оваа услуга се опфатени 24 корисници, а како негуватели ангажирани се 10 лица.Општината ќе се залага и во иднина оваа услуга да се

испорачува кон постоечкитекорисници и воедно истата да се прошири и опфаќајќи нови корисници, со оглед на тоа што во општината се повеќе расте бројот на старото население. Финасиските средства се планира да бидат обезбедени од страна на МТСП, општински буџет но и потпишување на приватни договори со корисниците.Оваа услуга ќе им овозможи помош и поддршка на корисниците во исполнувањето на секојдневните потреби со цел да се подобри квалитетот на нивниот живот и да се спречи или одложи сместувањето во институциите.

Лична асистенција

Согласно добиени и обработени податоци од мапирањето евидентно е дека општина Македонски Брод има потреба од воспоставување и испорачување на услугата лична асистенција. Услугата ќе биде наменета за 20 корисни (лица со попреченост) кои оваа услуга ќе ја добиваат по 80 часа месечно или четири (4) часа во текот на денот. Со услугата лична асистенција се обезбедува индивидуална помош и поддршка за лица од 6 до 65 годишна возраст, со намален функционален капацитет, со цел да се овозможи независно и самостојно живеење, активно и рамноправно учество во заедницата, како и вршење секојдневни активности, кои лице без попреченост вообичаено ги врши без поддршка.

### 3.2.5 Услуги во заедницата

**Дневен центар за лица со физичка и интелектуална попреченост**

Неопходно е развој на услугата за дневен престој за деца со физичка и интелектуална попреченост. Овој дневен центар би функционирал така што ќе обезбедува активности за децата со пречки во развој и потешкотии во говор, и активности за децата со физичка и интелектуална пореченост.

Општина Македонски Брод во соработка со МТСП, веќе има започнато постапка за изградба односно реконструкција и прилагодување на простор за дневен центар за лица со попреченост. Просторот е обезбеден од страна на општината.Услугата за дневен престој односно дневно згрижување во овој центар ќе ја користат лицата со попреченост, на почеток 24 корисници поделени во две групи по 12 лица (деца сместени во згржувачки семејства и деца кои имаат потреба, кои се заедно со биолошките родители), а ќе се вршат индивидуални активности за стекнување животни вештини, социјализација и рекреација како и помош и поддршка на нивните семејства. Со оглед на потребата од ваков центар и неможноста тоа да се реализира во пократок рок, Општина Македонски Брод пројави интерес за развивање нова социјална услуга која ќе се одвива во центар за индивидуална поддршка за кој што општината ќе обезбеди простории кои ќе треба да се адаптираат согласно потребите за вршење на услугата. Центарот за индивидуална поддршка ќе го посетуваат деца со поречености и други лица кои имаат потреба од помош. Според статистиките од Меѓуопштинскиот центар за социјални работи во Општина Македонски Брод има 37 згржувачки семејства и 54 згрижени деца. Во центарот за социјални работи

регистрирани се 16 деца што имаат некој вид на попреченост, кои живеат со своите биолошки родители. Отворањето на дневен центар ќе биде од голема помош за семејствата кои имаат деца со некој вид попреченост.

**Центар за дневен престој на стари лица** е друга услуга во зедницата која може да биде од локален карактер. Тоа може да се организира со оглед на тоа дека Здружението на пензионери стопанисува со објект на Пензионерски дом, за кој е потребно само да се обезбедат средства за реновирање и опремување на просторот. Здружението е доста активно, има своја програма, организира активности за рекреација и развивање на општествени контакти. Бидејќи општина Македонски Брод зафаќа голема територија и има голем број на села (51) и има голем дел стари лица и пензионери кои живеат по селата и не се во можност да доаѓаат секојдневно во градот. Општината има можност за отворање дневен центар за престој на стари лица и во с. Самоков, со што би им се создала можност и на тие лица активно да ја живеат својата старост.

**Сензорна соба** Во склоп на училиштето „Св.Климент Охридски има сензорна соба која ја користат учениците кои имаат пречки во развојот, а се интегрирани во редовните паралелки. Недостасува стручен кадар за целосно искористување на асистивната технологија која ќе овозможи современа рехабилитација.

### 3.2.6 Услуги за вон семејна заштита

**Згрижување во друго семејство**

Врз основа на добиените податоци од Меѓуопштинскиот центар за социјални работи во Општина Македонски Брод во моментот има 54 деца евидентирани како деца без родители и родоителска грижа и ја користат услугата за вон – семејна заштита и истите се сместении во згрижувачки семејства Општина Македонски Брод и во иднина ќе ја поддржува работата на ЈУ МЦСР , во насока на поттикнување на семејствата да згрижуваат деца без родители и родителска грижа.

### 3.3 Идентификување на социјални ризици во општината

- старост
- сиромаштија
- деца/лица со пореченост

### *3.4 Идентификување и приоретизирањенасоцијалниризици и услугизанивнонадминување*

| Социјален ризик | Спецификација на социјални ризици | Постоечки услуги | Постоечки човечки ресурси | Развој на нови услуги | Потребни ресурси |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Старост | . 1.1 Стари лица над 60 години<br>1.2 Стари изнемоштени лица<br>1.3 Стари лица со попреченост<br>1.4 Стари лица со хронични болести | -Услуги во домот (помош и нега во домот)<br>Обезбеден канцелариски простор од страна на општината | 10 негувателки<br><br>координатор | -Услуги во домот(помош и нега во домот)<br>-услуги во заедницата( услуга за дневен престој) ) | - Корординатор<br>- Социјален работник<br>- сертифицирани негуватели/ки<br>- физиотерапевти<br>-медицинска сестра<br>- работен терапевт |
| 2.Лица со попреченост | 2.1 Лица со физичка попреченост<br>2.2 Лица со интелектуална попреченост | - Образовни асистенти<br>-Услуга во заедницата (услуга за дневен престој) | - Образовни асистенти<br>- Социјален работник<br>-Психолог<br>-Дефектолог | Услуги во домот (лична асистенција)<br>- Услуга во заедницата (услуга за дневен престој) | - Координатори<br>-Социјален работник<br>-Сертифицирани лични асистенти<br>-Фаизиотерапевти<br>- Логопед<br>-Дефектолог<br>-Окупационен терапевт |
| 3.Сиромаштија | 3.1 Невработени млади лица<br>3.2 Активни баратели на работа<br>3.3 Долгорочно невработени лица<br>3.4 Лица со ниски примања<br>3.5 Ниско квалификуванилица од руралнисредини | -Општинско корисна работа<br>-Услуги за упатување и информирање | - Општинска администрација<br>-МЦСР Македонски Брод | - Услуги за информирање и упатување<br>- услуги на советување<br>- услуги на стручна помош и поддршка | - Специјален едукатор и рехабилитатор<br>- Тренинг провајдери<br>- психолог<br>- Младински работници |

**4. Потребни капацитети:**

| **Нова услуга** | **форма** | **Инфраструктура (постоечки, во изградба, потребна** | **Капацитет/опфат (број на корисници, површина,** | **Потребнифинансискисредства** | **Изворинафинасирањеили начин наприбирањен** | **Планирана соработка со:** | **Време/период на реализација:** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **реконструкција, потребна адаптација, нема) и опрема** | **територија, итн** | | **апотребнитефинасискисредства** | | |
| Услуга во заедницата | Центар за индивидуална поддршка | Прилагодување на простор кој ќе го обезбеди општината | 20 корисници | 4 530240 ден. | МТСП – Светска Банка | МТСП Центар за граѓанска иницијатива - Прилеп<br><br>ЈУМЦСР - Македонски Брод | 2023 година 36 месеци |
| Услуга во заедницата | Дневен центар за деца со попреченост | Реновирање на објект (стара училишна зграда) за потребите на дневен центар за лица со физичка и интелектуална попреченост | 24 корисници, корисна грејна површина од 188м$^2$ | 8906403,00 потребни средства за реконструкција и адаптација 6 674 400 ден за испорачување на услугата за 12 месеци 240 278 400 ден за 36 месеци | МТСП Донатори | МТСП Општина Македонски Брод ЈУ ЦСР Македонски Брод НВО | 36 месеци |
| Услуга во домот | Помош и нега во домот | Обезбеден простор од страна на општината | 30 корисници | 30 корисници х 80 часа х 12 месеци х 289 денари од час = 8 323 200 за 12 месеци<br><br>24 969 600 за 36 месеци | МТСП Општина Македонски Брод | МТСП Општина Македонски Брод ЈУМЦСР - Македонски Брод ОО Црвен крст Кичево | 36 месеци |
| Услуга во домот | Лична асистенција | Користење на простор на лиценциран | 20 корисници на територија на општина | 5.164.800 ден за испорачување | | МТСП Општина Македонски | 36 месеци |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | давател на услугата или општинска канцеларија за услугата | Македонски Брод | на услугата за 12 месеци 15.494.400 ден за 36 месеци | | Брод ЈУМЦСР - Македонски Брод НВО | |
| Услуги во заедницата | Дневен престој за стари лица | Реконструкција и преадаптацијанапостоечкиобјектво општинскасопственост. Просторот е во неповолна состојба и истиот треба да се преадаптира.Делови од плафонот се паднати што повлекува штета и во останатиот дел од објектот. | 24 корисници на услугата | Потребен буџет од 5000 000 денари за реконструкција и адаптација<br><br>3 230 496 ден за испорачување на услугата за 12 месеци<br>9 691 488 ден за 36 месеци | Преку ЈПП Општина Македнски Брод МТСП Донатори | Одредена фирма или претпријатие Општина Македонски Брод ЈУ ЦСР Македонски брод ХВО | 36 месеци |

**5. Лиценцирање на даватели на услуги и финансиска поддршка**

Според Законот за социјална заштита МТСП издава дозвола за вршење работи од социјална заштита за правни и физички лица под услови утврдени со овој закон,утврдува стандарди и нормативи за давање на социјални услуги. Во моментов Општина Македонски Брод за развој на социјалната услуга Помош и нега во домот, соработува со ОО Црвен крст од Кичево која има обезбедено дозвола за работа во облста на социјалата.

Овој план влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Македонски Брод“.

Бр. 18 – 930/11
29.12.2022 година

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на СОЦИЈАЛЕН ПЛАН 2023 – 2026

Се објавува Социјален план 2023-2026, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 17 - та седница одржана на ден 29.12.2022 година.

Бр. 08 - 930/18
30.12.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески с.р.

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

# ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Македонски Брод, декември 2022 година

**ВОВЕД**

Корупцијата ја имаме наекаде. Спречувањето корупција на сите нивоа е клуч за антикорупциска политика.

Интегритетот и корупцијата се две спротиставени појави, односно секое коруптивно дејство претставува кршење на интегритетот. Интегритетот пак од друга страна претставува квалитет на дејствување во согласност со општоприфатените морални вредности и норми во корист на јавниот поредок.

Општина Македонски Брод е целосно посветена на одржување на високи етички, морални и правни стандарди, објективност и непристрасност и на свој начин преку работа се бори против корупција и судир на интереси.

Вработените се подеднакво посветени на спречување на корупцијата и судирот на интереси и преку својата работа настојуваат навремено и правилно решавање на таквите случаи доколку се појават. За таа цел има изготвено и Годишен план на активности кој е така дизајниран што дејствува превентивно, односно е насочен кон намалување на ризиците за корупција преку јакнење на функционалносста на институциите и враќање на довербата на граѓаните, јакнење на свеста и вклучување на граѓанското општество и јавноста во антикорупциските напори.

Постојат повеќе закони кои се однесуваат на корупција. Меѓу позначајните се Закон за спречување на корупција, Закон за спречување судир на интереси, Закон за заштита на укажувачи, Кривичниот законик, Закон за лобирање.

Борбата против корупцијата не е едноставен процес, туку подразбира ангажман на целото општество и иницијативност на сите нивоа. Секој поединец има законска и морална обврска да се бори против корупцијата. Ова значи не само препознавање на корупцијата и воздржување од коруптивни дејствија, туку и пријавување случаи на корупција. Модерното отворено општество бара партиципација на граѓаните во донесувањето на важни одлуки. Општина Македонски Брод со цел транспарентно работење на својата веб страница ги презентира тековните активности и постапки, со што секој граѓанин може да биде информиран.

Во однос на ризиците кои се наметнуваат од областа на корупцијата, Општина Македонски Брод има потреба од дефинирани алатки и механизми со кои ќе ги заштити внатрешните постапки и процеси. Во рамки на своите надлежности и делокругот на работење засега не се идентификувани фактори кои го отежнуваат функционирањето на општината.

Општината својот план го адаптира и наметнува како обврска и за вработените и за граѓаните, како круцијална алка во целиот процес.

**ПРОЦЕНКА КОН РИЗИЦИТЕ ОД КОРУПЦИЈА**

Корупцијата се манифестира низ разни форми и на толку софистициран начин, што само професионалци можат да ја препознаат. Од овие причини корупцијата претставува многу комплициран проблем што нужно бара од сите да се изградат подобри методи и инструменти за нејзино сузбивање. Таква е проценката од ризиците од корупција кој е првиот и клучниот чекор од процесот на подготовка на Годишниот план за спречување на корупција во општината. При анализирање на факторите на ризици во делокругот на работата постојат повеќе области каде што е можна појава на корупција. Главниот акцент е ставен на вработените и раководството. Преку јакнење на нивниот профеионализам и личен интегритет од нив се очекува да ги извршуваат професионално задачите, согласно законите, прописите и интерните процеси и со тоа смело да се спротиставуваат на корупцијата. За континуитет при детектирањето на ризик и нивно справување, управувањето со ризиците потребно е да стане дел од деловното планирање на општината и на извршувањето на нејзините надлежности. Истовремено, управувањето со ризиците треба да стане дел од секојдневната култура на однесувањето на менаџментот и на сите вработени во општината.

**ПРИЧИНИ, УСЛОВИ И ФАКТОРИ ЗА ОВОЗМОЖУВАЊЕ КОРУПЦИЈА**

Законот за спречување корупција и судир на интереси (член 8, став 5), поимот ризик од корупција го дефинира каков било вид на надворешна или внатрешна слабост или процес што може да претставува можност за појава на корупција во државните тела, јавните претпријатија и други институции од јавниот сектор, што вклучува и прашања како што се судир на интереси, примање подароци и други недозволени плаќања, лобирање, измама, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на законот и т.н.

Теоретски, доколку некој од вработените или раководството свесно ги злоупотребува својата службена положба и овластувања за директно или индиректно понудена, дадена, ветена, побарана, прифатена или очекувана корист материјална или нематеријална или друга придобивка за себе или некој друг, станува збор за корупција.

Праксата досега покажува дека вработените во општината ги почитуваат начелата на законитост, интегритет, јавност, заштита и одговорност, што е индикатор дека службениците може да препознаат и да се справат со можноста за пробивање на корупцијата во делокругот на работењето.

**ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА АЛАТКИ И КОНТРОЛНИ МЕХАНИЗМИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ДЕТЕКТИРАНИТЕ РИЗИЧНИ ОБЛАСТИ**

Корупцијата е забрането однесување кое ја загрозува демократијата и владеењето на правото, па затоа е потребно колку е можно повеќе индивидуите и институциите да работат на нејзино спречување. За да се намалат негативните последици кои настануваат од корупцијата, тенденција на Општина Македонски Брод е да воспостави цврста политика за борба против корупцијата, заради заштита на граѓаните, а особено заради

воспоставување и почитување на владеењето на правото. Како алатки и механизми за надминување на детектирани ризични области општината би се користела со:

1. Почитување на Уставот и законите
2. Почитување на антикорупциската политика и политика на интегритет
3. Почитување на Кодексот на административните службеници
4. Почитување на начелата на стручност и компетентност при селекција на кандидатите за вработување.
5.Јакнење на свеста и едуцирање на вработените за можностите за корупција.
6..Преземање превентивни мерки кон нововработените
7. Јакнење на довербата на граѓаните и мотивирање да пријават корупција
8. Овозможување слободен пристап до информации од јавен карактер
9. Јакнење на принципите на отчетност и транспарентност во работењето на општината
10. Почитување на роковите за решавање на предмети кои се во надлежност на општината
11. Преземање на дисциплински мерки против лицата кои се однесуваат коруптивно, недозволиво, незаконито и неетично.

**ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ СО ОСОБЕН АКЦЕНТ НА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА ВРАБОТЕНИТЕ**

Степенот на одговорност за брз одзив и максимизирање на ефикасноста за давање на услугите во голема мера влијае на јакнењето на капацитетите на институциите. Интегритетот во работењето на вработените во општината претставува принцип на постојано однесување со согласност со етичките вредности. Под интегритет се подразбира подготвеност на поединецот да препознае и одлучно да се спротистави во некоја незаконска, неморална или нечесна ситуација. Под поимот интегритет се подразбира и законито, независно,непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата. Со обезбедување на повеќе едукации, обуки и со почитување на законските норми, службениците ќе можат соодветно да одговорат на сите предизвици кои може да произлезат од корупцијата. На лично ниво, интегритетот значи поседување знаења и вештини, но и личен етички капацитет, решителност и професионалност да се почитуваат воспоставените правила и практики и секогаш да се работи во полза на јавниот интерес, да се одбегнува можниот судир на интереси и да не се придонесува за создавање негативни и штетни услови и околности во работењето.

Справувањето на општината со корупцијата ќе започне да се води со следните законски принципи:

- **НАВРЕМЕНО ПОСТАПУВАЊЕ ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕ НА ПОТРЕБНИТЕ УСЛУГИ КОН ПРАВНИТЕ И ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА**

Согласно начелото на сервисна ориентација, според Законот за општа управна постапка, службеникот е должен и сервисно ориентиран кон остварувањето на правата и интересите на странките. Општина Македонски Брод важи за институција која навремено одговара на

доставените барања, успешно и навремено постапува при спроведувањето на постапките, притоа почитувајќи ги законски утврдените временски рокови. До сега, праксата покажува дека доколку не постои некомплетно доставена документација или суштинска пречка во смисла на постоењето во услови за остварување на правата на граѓаните, службениците транспарентно, навремено и одговорно ги изготвуваат актите потребни за остварување на правата и интересите на граѓаните.

- **ПОЧИТУВАЊЕ НА КОДЕКСОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ**

Потребно е секој службеник да има високстепен на познавање на Кодексот за административните службеници, во којшто е утврдено дека службениците не смеат да ги користат службените овластувања со цел стекнување лична корист и имаат обврска да се спротиставуваат на сите форми на корупција во рамки на општината.

- **ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ДОВЕРБАТА НА ГРАЃАНИТЕ КОН ИНСТИТУЦИИТЕ И МОТИВИРАЊЕ ДА ПРИЈАВАТ КОРУПЦИЈАТА**

Круцијална алатка во намалувањето на борбата против корупцијата е мотивацијата на граѓаните да пријават корупција. Одлуката на граѓаните да се спротиставуваат на ситуација во која за да ги остварат нивните права се „принудени“ да ги „наградуваат“ службениците надвор од нивната службена должност е првиот чекор во овој процес, а тоа е долготраен процес кој бара упорност, професионален однос и меѓусебна соработка со граѓаните. Во таа смисла граѓаните се охрабруваат да ги пријават сите такви незаконски постапувања доколку постојат. Неопходно е да постои доверба во институциите со оглед дека законите ги регулираат сите постапки, активности и дејствија. Секое прекршување на законот треба да подлежи на соодветна санкција како последица, без разлика дали станува збор за функционер, раководител или административен службеник од било кое ниво.

- **ЗАЈАКНАТА КОНТРОЛА И НАДЗОР ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ**

Постапките за јавни набавки во целост се спроведуваат во електронски систем за јавни набавки и истите се транспарентни, како и јавно достапни за јавноста. Сите договори се објавуваат на веб страната на општината.
Точно и прецизно да се врши планирање на постапките за јавни набавки и навремено во законски утврдениот рок, до крајот на јануари во тековната година, да се доставaт до Одделението за финансиски прашања заради подготовка на Годишен план за јавните набавки. Професионална едукација на вработените преку одржување на обуки за надградба на знаењето, обука за практична примена на Законот за јавни набавки и обука за антикорупција.

- **ЈАКНЕЊЕ НА ПРИНЦИПИТЕ НА ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНАТА**

Вработените во општината при извршување на работните задачи не смеат да го доведат личниот, материјалниот и нематеријалниот интерес во судир со јавниот поредок и со нивниот статус да предизвикаат судир на интереси.

Исто така потребно е да се водат од принципите на законитост, ефикасност, доверливост, независност, самостојност, чесност, професионалност, отчетност и транспарентност. Потребна е внимателна анализа на ризиците и ситуациите коишто може да доведат до потенцијален судир на интереси и корупција при вршење на службените работи, за што е потребно навремено преземање мерки за отстранување на можноста за судир на интереси и корупција.

Како обврска јавноста да биде информирана за работи и настани од јавен интерес, потребно е преку разни комуникациски форми да овозможува пристап до информации за сите претставници од медиумите и другите заинтересирани страни, водејќи се од начелото на транспарентност, отчетност и недискриминација. Општина Македонски Брод и понатаму ќе продолжи со практиката да се објавуваат информации, извештаи, работни средби од дневни настани што се поврзани со работата на општината, на веб страницата.

Овај план влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 930/12
29.12.2022 година

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на План за проценка на ризици од корупција
во Општина Македонски Брод

Се објавува План за проценка на ризици од корупција во Општина Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 17 - та седница одржана на ден 29.12.2022 година.

Бр. 08 - 930/18
30.12.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и 275/19), член 36 став 1 точка 6од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02) и член 21 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ број 02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17), Советот на Општина Македонски Брод на 17 - та седница одржана на ден 29.12.2022 година, донесе

# О Д Л У К А

за давање на согласност на Одлуката на УО за усвојување на Годишен план за работа и развој на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за 2023 година

Член 1

Се дава согласност на Одлуката бр.02-316/2 на Управниот одбор на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за усвојување на Годишен план за работа и развој на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за 2023 година од 22.12.2022година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Број 18 - 930/13
29.12.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе, следниот

# З А К Л У Ч О К

за прогласување на Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО за усвојување на Годишен план за работа и развој на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за 2023 година

Се прогласува Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО за усвојување на Годишен план за работа и развој на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за 2023 година, што ја донесе Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.12.2022 година.

Бр. 08 - 930/18
30.12.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и 275/19), член 36 став 1 точка 6од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02) и член 21 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ број 02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17), Советот на Општина Македонски Брод на 17 - та седница одржана на ден 29.12.2022 година, донесе

# О Д Л У К А

за давање на согласност на Одлуката на УО за усвојување на Годишна програма за работа и развој на ЈП „Водовод и канализација” Македонски Брод за 2023 година

Член 1

Се дава согласност на одлуката на Управниот одбор бр.01-283/1 од 23.12.2022 година за усвојување на Годишна програма за работа и развој на ЈП „Водовод и канализација” Македонски Брод за 2023 година, бр.01-283/1 од 23.12.2022 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр. 18 - 930/14
29.12.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе, следниот

# З А К Л У Ч О К

за прогласување на Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО за усвојување на Годишна програма за работа и развој на ЈП „Водовод и канализација” Македонски Брод за 2023 година

Се прогласува Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО за усвојување на Годишна Програма за работа и развој на ЈП „Водовод и канализација” Македонски Брод за 2023 година, што ја донесе Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.12.2022 година.

Бр. 08 - 930/18
30.12.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 пречистен текст), а согласно член 32 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.11/21), Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод и по претходно мислење на Комисијата за општествени дејности по доставени барања од физички лица со бр.18-685/2 од 25.08.2022 година, Советот на Општина Македонски Брод на 17 - та седница одржана на ден 29.12.2022 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.12.2022 година донесе решение за одобрување на еднократен надоместок за санирање на последици од елементарна непогода - невреме и тоа како следи на:

- Гордана Митаноска се одобрува еднократен надоместок во износ од 6.000,00 денари.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3.Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 930/15
29.12.2022 година

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица

Се објавува Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица за Гордана Митаноска, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 17 - та седница одржана на ден 29.12.2022 година.

Бр. 08 - 930/18
30.12.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 пречистен текст), а согласно член 32 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.11/21), Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод и по предлог на Комисијата за општествени дејности по доставени барања од физички лица со бр.18-661/1 од 05.08.2022 година, Советот на Општина Македонски Брод на 17 - та седница одржана на ден 29.12.2022 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.12.2022 година донесе решение за одобрување на еднократен надоместок за лекување и тоа како следи на:

- Боге Мицкоски се одобрува еднократен надоместок во износ од 6.000,00 денари.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3.Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 930/16
29.12.2022 година

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица

Се објавува Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица за Боге Мицкоски, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 17 - та седница одржана на ден 29.12.2022 година.

Бр. 08 - 930/18
30.12.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 пречистен текст), а согласно член 32 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.11/21), Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод и по предлог на Комисијата за општествени дејности по доставени барања од физички лица со бр.18-925/1 од 20.12.2022 година, Советот на Општина Македонски Брод на 17 - та седница одржана на ден 29.12.2022 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.12.2022 година донесе решение за одобрување на еднократен надоместок за семејство со социјален ризик и тоа како следи на:

- Марјана Дамческа се одобрува еднократен надоместок во износ од 6.000,00 денари.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3.Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањe, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 930/17
29.12.2022 година

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица

Се објавува Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица за Марјана Дамческа, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 17 - та седница одржана на ден 29.12.2022 година.

Бр. 08 - 930/18
30.12.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески с.р.

**Службен гласник број 13 од 30.12.2022 година на Совет на Општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А


Одлука за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година .......... стр. 2

Заклучок за прогласување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година .......... стр. 12

Одлука за утврдување денарски благајнички максимум за 2023 година .......... стр. 13

Заклучок за прогласување на Одлука за утврдување денарски благајнички максимум за 2023 година .......... стр. 14

Одлука за давање на согласност на Програма за работа за 2023 година на ОУ Дом на култура - Македонски Брод .......... стр. 15

Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Програма за работа за 2023 година на ОУ Дом на култура - Македонски Брод .......... стр. 16

Одлука за одредување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежното земјиште за календарската 2023 година .......... стр. 17

Заклучок за прогласување на Одлука за одредување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежното земјиште за календарската 2023 година .......... стр. 20

Одлука за одредување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2023 година .......... стр. 21

Заклучок за прогласување на Одлука за одредување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2023 година .......... стр. 23

Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Македонски Брод .......... стр. 24

Заклучок за прогласување на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Македонски Брод .......... стр. 27

Социјален план 2023 - 2026 година .......... стр. 28

Заклучок за објавување на Социјален план 2023 – 2026 година .......... стр. 49

План за проценка на ризици од Корупција во Општина Македонски Брод ..... стр. 50

Заклучок за прогласување на План за проценка на ризици од Корупција во Општина Македонски Брод ............................................................................................ стр. 56

Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО за усвојување на Годишен план за работа и развој на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за 2023 година ... стр. 57

Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО за усвојување на Годишен план за работа и развој на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за 2023 година ................................................................................................ стр. 58

Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО за усвојување на Годишна програма за работа и развој на ЈП „Водовод и канализација” Македонски Брод за 2023 година ........................................................................................................................ стр. 59

Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО за усвојување на Годишна програма за работа и развој на ЈП „Водовод и канализација” Македонски Брод за 2023 година .......................................................................... стр. 60

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица - за Митаноска Гордана ............ стр. 61

Заклучок за прогласување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица - за Митаноска Гордана ............................................................................................... стр. 62

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица - за Мицкоски Боге .................... стр. 63

Заклучок за прогласување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица - за Мицкоски Боге .................................................................................................... стр. 64

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица - за Дамческа Марјана ............... стр. 65

Заклучок за прогласување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица - за Дамческа Марјана ............................................................................................... стр. 66